**ДП. бр. 325**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ) во, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-238 од 16.02.2012 година на Министерот за правда, по одржан главен претрес на ден 05.03.2012 година, одржано советување и гласање на ден 19.03.2012 година го донесе следното

**I.**
**РЕШЕНИЕ**

**Се огласува за виновен** извршител В.М. од Тетово именуван за подрачјето на Основен суд Тетово за сторена дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеја 5 од Закон за извршување, за дејствијата опишани во дел I. од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-238, односно
**ЗАТОА ШТО:**
Извршителот В.М., вршејќи ја извршителската должност по предмет И.бр.322/10 од 22.06.2010 година не постапил по барањето за извршување на доверителот М.Т.Д. од Тетово за спроведување на извршување спрема солидарните должници 1. М.И. 2. Д.И. од с.Б.-Тетово, 3. П.С. од Тетово 4. А.Б.од Тетово, и на тој начин не постапил во согласност со чл.207 од ЗИ кој што го уредува начинот на постапување на извршителите при извршување спрема солидарен должник. Преземајќи дејствија што не се во согласност со член 207 од ЗИ, извршителот неоправдано го одложувал целосно извршувањето на извршната исправа со што постапил спротивно на член 6 и член 27 став 2 и став 3 од ЗИ.

Па со примена на правилата на кривична постапка за ублажување на казната на извршител В.М. од Тетово
**му се изрекува** дисциплинска мерка

**ЈАВНА ОПОМЕНА**

Дисциплинската мерка јавна опомена се става на огласната табла во седиштето на Комората, 60 дена од денот на изрекувањето

**II.**

**Се утврдува** дека не е сторена дисциплинска повреда од страна на извршител В.М. од Тетово именуван за подрачјето на Основен суд Тетово по член 54-г став 1 алинеја 10 од Законот за извршување -„неоправдано го одложува извршувањето "за дејствијата опишани во дел I. од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-238 **со што БИ постапил спротивно** на членот 6 и 27 став 2 и став 3 од Закон за извршување

***Образложение***

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-238 од 16.02.2012 година е поднесен од страна на Министерот за правда против извршител врз основа на Извештај за спроведен редовен надзор врз работата на извршителот бр. 09-390.

Предлогот се поднесува со наводи дека извршителот В. М. од Тетово, вршејќи ја извршителската должност по предмет И.бр.322/10 од 22.06.2010 година не постапил по барањето за извршување на доверителот М.Т.Д. од Тетово за спроведување на извршување спрема солидарните должници 1.М.И. 2. Д.И. 3.П.С. 4.А.Б., и на тој начин не постапил во согласност со чл.207 од ЗИ кој што го уредува начинот на постапување на извршителите при извршување спрема солидарен должник.

Преземајќи дејствија што не се во согласност со член 207 од ЗИ, извршителот неоправдано го одложувал целосно извршувањето на извршната исправа со што постапил спротивно на член 6 и член 27 став 2 и став 3 од ЗИ.

Предлагачот наведува дека на ден 10.02.2011 година извршителот изготвил Заклучок за повлекување на налог за извршување врз побарување по сметка кај банка за извршување против должникот М.И. и на ден 05.10.2011 година извршителот повторно издал налог за извршување врз побарување по сметка кај банка за извршување против должникот М.И., кој веќе еднаш со заклучок од 10.02.2011 бил повлечен, па предлагачот смета дека извршителот сторил дисциплинска повреда на начин што од ден 10.02.2011 година до ден 05.10.2011 година извршителот не преземал никакви извршни дејствија со што сторил неоправдано одложување на извршувањето .

Се предлага да му се изрече соодветна мерка на извршителот за сторена дисциплинска повреда од чл.54-д став 1 алинеја 5 „при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон“, и чл. 54-г став 1 алинеја 10 - „неоправдано го одложува извршувањето“ од Законот за извршување.

Извршителот В.М.и во одговор од 01.03.2012 година наведува дека предлагачот во предлогот погрешно го применил материјалното право за да поведе дисциплинска постапка против извршителот, од причина што членот 207 од ЗИ, на кој се повикува предлагачот, е одредба која регулира извршување спрема солидарен должник во кои странка – должник е правно лице и овој член се наоѓа во глава 11 од ЗИ, која пак регулира одредби за извршување врз имот на правни лица, заради наплата на парично побарување. Извршителот наведува дека тој воопшто не смеел, и не постапувал по чл. 207 од ЗИ, бидејќи тој член регулира односи помеѓу правни лица. Согласно извршната исправа П.бр. 715/07 од 01.12.2008 година на Основен суд Тетово, должници се физички лица и тоа: И.М., И.Д., С.П. и Б.А. и како такви за нив извршителот соодветно ги применувал одредбите од член 86, чл. 109 ст. 4,5,6 и чл. 137 од ЗИ како и соодветни членови од ЗИ за испитување на економска состојба на должниците.

Во однос на наводите на предлагачот дека извршителот постапувал спротивно на член 6 и 27 од ЗИ, извршителот смета дека предлагачот не наведува факти со кои го докажува кршењето на член 6 и 27 од ЗИ од страна на извршителот. Извршителот навдува дека постапувал во согласност со член 6 од ЗИ од причина што го примил барањето за извршување на ден 22.06.2010 година, и веднаш администрирал предмет под И.бр. 322/2010, и на ден 24.06.2010 година, односно по два дена од прием на барањето за извршување извршител изготвил

налог по чл. 86 ст. 1 од ЗИ со кои ги задолжил должниците И.М., И.Д., С.П. и Б.А. да го платат долгот согласно налогот за извршување и извршната исправа. Налогот им бил доставен до секој поединечно и тоа: на должникот А.Б. налогот му е доставен на ден 28.06.2010 година, на должникот П.С. на ден 24.06.2010 година, на должникот М.И. на ден 25.06.2010 година и на Д.И. на ден 28.06.2010 година. Во прилог на навремено и итно постапување извршителот го наведува фактот што по приемот на налогот за извршување на ден 28.06.2010 година е започнато да се врши уплата на средства по предметот.Со оглед на тоа што П.С. преку неговиот татко исплатил износ од 119.750,00 денари, должникот А.Б. уплатил износ од 72.500,00 денари, додека од Д.И. и од М.И. немало никаква уплата, извршителот пристапил кон испитување на економска состојба на должникот М. и поднел Барање по чл. 41 ст. 1 до КИБС и по добиениот одговор со кој се потврдува дека должникот М. поседува повеќе трансакциски сметки, извршителот на ден 12.11.2010 година изготвил налог по чл. 109 ст. 4,5,6 од ЗИ, и на ден 27.01.2011 година извршителот изготвил налог по чл. 137 и чл. 105 од ЗИ, и со истиот налог му ја блокираше трансакциската сметка. На ден 10.02.2011 година од страна на должникот М.И. извршителот бил писмено известен дека на блокираната сметка единствено му пристигаат средства по основ на плата, а при тоа веќе има задршки по основ на кредити поголеми од 2/3 од истата, па извршителот постапил согласно член 105 од ЗИ и со заклучок за повлекување од 10.02.2011 година го повлекол налогот.Извршителот ја испитувал на економска состојба на должниците А.Б. и Д.И., а воедно и дали должникот М.И. поседува моторно возило или недвижен имот, по што од соодветните институции доби соодветни известувања со кој А.Б. и Д.И. не поседуваат моторно возила, додека М.И. поседува моторно возило марка DAEWOO MATIZ, за кое возило на извршителот, должникот М. му доставил нотарски акт со кој нотарски акт се потврдува дека истото е ставено во невладетелски залог во корист на ТТК Банка АД Скопје, а за возило марка Фиат извршителот дозна дека истото претходно во сообраќајна несреќа било хаварисано и истото дадено на отпад. Извршителот укажува и дека самото извршување по овој предмет е специфично од причина што структурата на должниците ја сочинуваат лица кој на денот на донесување на извршната исправа биле или малолетни или пак имале околу 18 година, односно А.Б., Д.И. и П.С. биле малолетни лица, и истите се студенти кои не се вработени и немаат ниту подвижни предмети ниту пак некаков недвижен имот а сепак извршителот успел да наплати износ кој што воопшто не е мал, и тоа износите ги плаќале родителите на должниците во нивно име. Извршителот смета дека одолжувањето на извршувањето по овој предмет е резултат на структурата на должниците и наведува дека и покрај тоа извршителот не престанал со спроведување на извршување спрема должниците, и на ден 03.11.2011 година извршителот на доверителот му префрлил износ од 11.403,00 денари од должникот М.И. кои што средства се најдени како резултат на понатамошно постапување и следење на економската состојба на должниците. Во прилог на постојаното постапување, извршителот го наведува и фактот дека на 20.02.2012 год. е изготвен и доставен налог за извршување по член 137 од ЗИ против должникот Д.И., што извршителот смета дека укажува на тоа дека извршителот не го одложува извршувањето како што е наведено во предлогот.

Дисциплинската комисија на главен претрес на ден 05.03.2012 година ги дозволи и изведе следните докази:

Извештај за извршен надзор УПП.бр.09-390 од 04.11.2011 година ;
Барање за извршување од 22.06.2010 од М.Т.Д.;
Пресуда П.бр.715/07 на Основен суд Тетово од 01.12.2008 година;
Пресуда ГЖ.бр.780/09 на Основен суд Гостивар од 09.03.2010 година ;
Налог за извршување И.бр. 322/2010 од 24.06.2010 година;
копија од 4 доставници за достава на налогот за извршување до должници
Барање по чл.41 И.бр.322/2010 од 05.11.2010 година ;
Налог по чл. 109 ст. 4,5,6 од ЗИ од 12.11.2010 година;
Повратница за достава на барање и налог до ТТК Банка од 22.11.2011 година;
Доставница за достава на Налог по чл.109 до доверител М.Т. Д. од 18.11.2010 година ;
Налог по чл. 137 и чл. 105 од ЗИ од 27.01.2011 година;
Седум Барања информации по чл.41 И.бр.322/2010 од 27.01.2011 година;
Две Повратници за достава на Барања информации од 03.11.2011 година;
Известување од должник М.И. од 10.02.2011 година;
Заклучок за повлекување налози И.бр.322/2010 од 10.02.2011 година;
Повратница за достава на Заклучок за повлекување налози И.бр.322/2010 од 14.02.2011 година;
Известување рег.бр.18.01.10-350/1 од 09.02.2011 година од МВР СВР Тетово;
Известување рег.бр.18.01.10-351/1 од 09.02.2011 година од МВР СВР Тетово;
Известување рег.бр.18.01.10-349/1 од 09.02.2011 година од МВР СВР Тетово;
Известие Уп.бр.1108-128/1 од 01.03.2010 година од АКН Тетово;
Известие Уп.бр.1108-127/1 од 03.03.2010 година од АКН Тетово;
Повратница за достава на Барањее известување и налог до НЛБ Тутунска банка;
Копие од уплатница од 12.02.2010 за уплата на средства по И.бр.322/2010;
Копие од уплатница од 14.02.2010 за уплата на средства по И.бр.322/2010;
Копие од сообраќајна дозвола МК 0736639 на име М.И.;
Нотарски акт ОДУ.бр. 135/08 од 03.04.2008 година, на нотар Љ.Т.;
Писмен поднесок од доверител со прилог од 10.02.2011 година;
Налог за извршување по член 137 од ЗИ од 20.02.2012;
Одговор на барање за известување од извршител В.М. од 04.03.2011;
Повратница за достава на Одговор на барање за известување до Народен правобранител на РМ;
Одговор на барање за известување од извршител В.М. од 01.07.2011;
Повратница за достава на Одговор на барање за известување до Народен правобранител на РМ;
Шест копии од уплатници за извршена уплата на сметка по И.бр.322/2010 ;
Каматна листа од повеќе пресметки ;
Барање известување од Народен правобранител на РМ од 03.03.2011 година;
Барање известување од Народен правобранител на РМ од 22.06.2011 година.

Дисциплинската комисија ја утврди следната фактичка состојба од погоре изведените докази:

Извршителот В.М. од Тетово примил барање за извршување на ден 22.06.2010 година и истиот го завел со И.бр.322/2010 . На 24.06.2010 година со Налог за извршување по чл. 86 од

Законо за извршување И ги задолжил должниците М.И., Д.И., П.С. и А.Б. да му го исплатат долгот согласно извршната исправа Пресуда на Основен суд во Тетово П.бр.715/07 од 01.12.2008 година и Пресуда ГЖ.бр.780/09 од 09.03.2010 година на Апелациониот суд Гостивар. Сите должници се задолжени со одделни налози за извршување и секој е задолжен со вкупната сума која што се долгува. Налозите за извршување се доставени на сите должници поединечно во текот на следните четири дена сметано од денот на изготвувањето.
Должниците почнале да постапуваат така што должникот П.С. на ден 28.06.2010 година уплатил 40.000,00 денари, должникот А.Б. уплатил 24.450,00 на денари на ден 14.07.2010 година, должникот П.С. уплатил 40.000,00 на ден 28.07.2010 година, должникот А.Б. уплатил износ од 24.250,00 денари на ден 12.08.2010 година, должникот П.С. уплатил износ од 39.750,00 на ден 31.08.2010 година, и должникот А.Б. уплатил износ од 24.000,00 денари на ден 01.03.2011 година.
Бидејќи пристигнале уплати од повеќе должници, а должникот М.И. немал никаква уплата извршителот ја испитувал економската состојба прво на овој должник, после што на ден 12.11.2010 година издал Налог за забрана на сметката на должникот по чл. 109 од ЗИ, а на ден 27.01.2011 година издал Налог за забрана и пренос на побарувањето по сметка од банка по чл. 137 од ЗИ. Блокираниот должник, М.И., на ден 10.02.2011 година писмено го известил извршителот дека на блокираната сметка единствено му пристигаат пари по основ на плата која што веќе предходно му е блокирана кај работодавачот и расположливата 1/3 дел од плата веќе се користи за исплата на други долгови.На ден 10.02.2011 година извршителот ја повлекол блокадата од банка за должникот М.И. Извршителот В.М. ја испитал економската состојба и за другите должници од што утврдил дека должниците Б.А. и Д.И. не поседуваат моторно возило додека должникот М.И. поседува патниочки возило тип Матиз Даевоо за кое е утврдено дека е заложено во полза на ТТК Банка АД Скопје .
Комисијата утврди дека извршителот се уште го води предметот како активен и понатаму прави напори да се наплати побарувањето на доверителот.
Во поглед на задолжувањето на должниците, се утврди дека извршителот извршил истовремено задолжување на сите четири должници така што издал и доставил четири одделни налози за извршување по чл. 86 од Законот за извршување на целата сума на побарувањето.
Со оглед на погоре утврдената фактичка положба, Дисциплинската Комисија ја донесе својата одлука од ставот еден од диспозитивот на ова решение од следните причини :
Дисциплинската комисија смета дека е повреден Законот за извршување и сторена е дисциплинска повреда во постапувањето на обвинетиот извршител со оглед на тоа што извршителот вршел симултано задолжување на четирите солидарни должници што е спротивно на одредбата во член 207 од Законот за извршување, која што иако е во делот на правни лица Комисијата смета дека треба да се применува аналогно и за физички лица. Постапувајќи истовремено и за сите четири должници извршителот постапил и спротивно на членовите 402-412 од Законот за облигационите односи. Имено, Законот за облигационите односи во делот од одредбите кои го уредуваат статусот на солидарните должници, не прави разлика во статусот на солидарни должници во поглед на тоа дали станува збор за физичко лице должник или за правно лице должник.
Со оглед на погоре утврдената фактичка положба Дисциплинската комисија ја донесе својата одлука од ставот два од диспозитивот на ова решение од следните причини:
Не се утврдија како основани наводите на предлагачот - Министерот за правда, од причина што се утврди дека се преземени поголем број на извршни дејствија од страна на извршителот, со повеќе извршни средства према сите должници. Исто така се утврди дека

извршувањето дало резултат со наплата на парични средства така што во овој момент предметот е наплатен во значителен дел. Комисијата исто така, ценеше во која временска дистанца се преземени дејствијата, па утврди дека предметот е примен кај извршител В. М. од Тетово  во текот на јуни месец 2010 година а преземени се дејствија во континуитет се до одлучувањето по Предлогот за дисциплинска постапка во 2012 година.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се олеснителните околности дека до сега на извршителот не му е изрекувана дисциплинска мерка и неговото примерно држење за време на дисциплинската постапка, а како отежнителни околности тежината на дисциплинската повреда и последиците од истата, па во склоп на истите му ја одмери казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 19.03.2012 година согласно чл. 59-в став 1 в.в со чл. 54-а од Законот за извршување одлучи како во изреката на ова решение.

**Правна поука**: против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по прием